РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-5046/2
19-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението од шестата седница одржано на ден 12.06.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-5046/1 од 15.11.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5046/1 од 15.11.2021 година.
Предметот со број 08-5046/1 од 15.11.2021 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот број 08-5046/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
Од увидот во Службен весник на РСМ број 191/21, ДКСК утврди дека лицето ____________________ на ден 30.07.2021 година е именувано на функцијата член на Управен одбор на ЈЗУ ____________________________________________.
Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека ________________________, во законски предвидениот рок по именување на функцијата, не поднело анкетен лист до ДКСК, со што сторил прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

ДКСК на ________________________________ му издаде прекршочен платен налог број по кој од страна на именуваниот, во законски предвидениот рок е постапено, односно на ден 24.07.2023 година е платена половина од утврдената глоба.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: А.Ч., раководител на одделение
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК